РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 04-1751/3
06-08-2025 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 13 од Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година, бр. 01-4604/1 од 05.07.2021 година, бр. 01-1171/1 од 16.02.2021 година и бр. 01-733/1 од 14.02.2023 година, министерот за одбрана донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за поништување на Интерен оглас за упатување на меѓународна должност**

1. **СЕ ПОНИШТУВА** Интерниот оглас за упатување на меѓународна должност **„Офицер за КИС во Воениот оддел при Дипломатското претставништво на Република Северна Македонија во НАТО и ЕУ во Брисел, Кралство Белгија "** бр.04-1751/1 од 10.06.2025 година.
2. Со влегување во сила на ова решение запира спроведувањето на постапката за селекција и избор на кандидат за должноста од Интерниот оглас бр. 04-1751/1 од 10.06.2025 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 13 од Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година, бр. 01-4604/1 од 05.07.2021 година, бр. 01-1171/1 од 16.02.2021 година и бр. 01-733/1 од 14.02.2023 година, министерот за одбрана може да донесе решение за поништување на Интерниот оглас доколку на Интерниот оглас не се пријави ниту еден кандидат.

Со Записник бр. 04-1751/2 од 02.07.2025 година, констатирано е дека до Комисијата за административна селекција односно до организациската единица за управување со човечки ресурси, не се пристигнати пријави од заинтересирани кандидати по Интерен оглас бр.04-1751/1 од 10.06.2025 година, согласно која причина, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Изработил: Тони Костески
Контролирал: Ирена Станковска
Одобрил: Елизабета Чуповска-Ристова

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Владо Мисајловски**

Доставено до:
- Кабинет на министерот за одбрана;
- Генералштаб на Армијата;
- Директорат за комуникации;
- Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука;
- Архива.